*СТЕФАН КОСТОВСКИ*

# ТЕОРИСКО ХИПОТЕТИЧКА РАМКА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДНОСОТ МЕЃУ РЕЛИГИОЗНОТО И НАЦИОНАЛНОТО ПРИПАЃАЊЕ

Кога се настојува да се пронајде врската меѓу социјалните појави, нивната заемна зависност, условеност, нивното проникнување, надополнување па дури и идентификување, тогаш во научната анализа на предметот на истражувањето се поставуваат прашањата: кои се суштествените разлики меѓу појавите што се предмет на истражувањето, а кои се сличностите, во кои сфери на индивидуалниот и општествениот живот и под кои услови доаѓа до посредно или непосредно влијание на едната врз другата појава и низ кои форми се јавува нивното заемно совпаѓање, проникнување или идентификување. Во конкретниот случај, во истражувањето на односот меѓу националното и религиозното припаѓање, тие прашања можеме да ги конкретизираме на следниов начин: кога и под кои услови националното и религиозното во структурата на свеста кај поединци и групи се идентични појави, во кои сфери на индивидуалниот и општествениот живот доаѓа до посредно или непосредно влијание на едната врз другата појава, какво е влијанието на религиозните разлики во услови на значително распространетата религиозна свест врз совпаѓањето, проникнувањето па дури и идентификувањето на националното и религиозното и како сето тоа се одразува врз меѓусебните (меѓунационалните) односи и општата општествена интегрираност во целина.

Низ историјата, а и во современата светска стварност, можат да се сретнат доста примери кои покажуваат дека националното и религиозното често се надополнуваат, заемно условуваат и идентификуваат. Се знае, на пример, дека во националната преработка на многу народи религијата одиграла значајн улога во одржувањето на културниот интегритет и националните стремежи во борбата против туѓите освојувачи, особено ако тие се припадници на друга религија. Во такви услови основниот антагонизам меѓу освојувачот и потчинетиот народ е дополнуван со антагонизмот меѓу религијата на освојувачот и религијата на потчинетиот народ. Таков бил случајот со католичките Полјаци и Ирци и нивната борба против туѓинското влијание на православните Руси, односно протестанските Британци. Ев-

---

Дел од докторската дисертација „За односот меѓу националното и религиозното припаѓање", Скопје, 1976.

рејското движење ционизам чија цел била создавање на самостојна еврејска држава од самиот почеток ја црпело својата сила во оживотворувањето и спојувањето со еврејската религија. Во одредени општества припаѓањето на одредена нација значи и припаѓање на одредена конфесионална заедница: да се биде, на пример, Ирец, Шпанец или Португалец значи да се биде католик.

Религијата одиграла значајна улога и во формирањето на одделни нации на Балканот, а посебно кај југословенските народи. Познато е дека југословенските народи многу рано ја изгубиле својата национална независност и релативно долг временски период, како и сите словенски народи на Балканот, живееле под туѓа власт. Таа историска реалност не само што го забави процесот на националното формирање, национално интегрирање, туку внесе и одредени посебности, специфичности во конституирањето на нациите и националните односи на балканскиот простор. Една од тие посебности, меѓу другите, е и таа што религијата одиграла значајна улога во сложениот процес на националната интеграција и националната независност на јужнословенските народи. Меѓу другите културни фактори, како на пример, фолклорот, народното предание, обичаите, традицијата и друго, во слови на туѓа власт и доминација, религијата заедно со другите културни фактори стана главна потпора и сила во одржувањето на народносниот интегритет и ефикасно средство против разните обиди на асимилација и денационализација на словенските народи на Балканот. Во одредени историски услови, за одделни народи лишени од економска, социјална, политичка и културна независност, религијата претставувала единствен заштитник и облик за зачувување, развивање и пренесување на етничко-народносните карактеристики од генерација на генерација.

Влијанието и улогата на религијата во одржувањето на културниот интегритет и националните стремежи и отпори на словенските народи на Балканот против националното угнетување можеме да го следиме низ целиот среден век, особено кога црквата станала стабилно организирана сила со огромен морален и политички авторитет. За многу словенски народи борбата за национална афирмација, независен културен развој, меѓународно признание и самостојна државност била тесно поврзана, а во одредени историски ситуации и условена од стабилноста, организираноста и автономноста, т.е. самостојноста на националната црква. Не случајно, на пример, Србија и Бугарија настојувале по секоја цена да добијат полна црковна автономија од страна на Византија, бидејќи тоа имало пресудно значење за стабилизацијата на средновековната држава, нејзино зацврстување и меѓународното признание.

Истакнувањето на влијанието и улогата на религијата во одржувањето на културниот етничко-народносен интегритет и националните стремежи и отпори против националното угнетување на одделни народи, е само едната страна — позитивната улога на религијата во процесот на националната интеграција и конституирањето на нациите. На овој ист географски простор — на Балканот, религијата ја покажала и својата друга страна, негативната, дезинтеграционата улога-меѓусебната религиозна конфронтација со несомнено негативно

влијание врз меѓусебните односи меѓу словенските народи — нивна затвореност, оддалеченост итн. Таа дезинтеграциона улога произлегува од самата основа — суштина на религиозното групирање. Имено, секоја религија има свое изградено учење за божеството, свои догми, ритуал и бара строго почитување и висок степен на групна идентификација на своите припадници. Затвореноста, оддалеченоста е главна карактеристика на религиозното групирање. Секоја религиозна конфесија придржувајќи се строго кон своите религиозни норми и вредности истовремено се дистанцира од припадниците на другите конфесии. Секоја религија изградува свој систем на верување, своја идеологија за светот и човекот. Меѓу одделните религии (христијанството, исламот, будизмот, хиндуизмот и др.), постојат суштински разлики не само во изградениот теолошки концепт за светот и човекот, структурата на трансцендентното, туку и во ритуалот, етичката страна и сл. Религијата не е само однос спрема натприродното суштество; тоа е еден облик на живот и нејзиното присуство, директно или индиректно, е вплетено во сите сфери на општествениот живот. Религијата, преку своето теолошко учење, не одговара само на основното онтолошко-антрополошко прашање, туку свој печат остава и врз економскиот живот, обичајно-моралното однесување, начинот на делувањето и исхраната, меѓугенерациските односи, полните односи, односите во бракот и брачната заедница итн. Посматрана од тој аспект, религијата е еден облик, начин на живот, едно искуство непосредно поврзано за одредени етничко-народносни групи што се протега низ векови, пренесувајќи се од генерација на генерација. Со тоа религијата, заедно со други културни фактори, станала основен белег на етничко-народносното распознавање. Припадноста на одредена религиозна организација значи различно религиозно однесување, различа религиозна практика, верување, вредносно однесување на човекот. Во услови кога на исто подрачје живеат припадници на различни религии, религиозните разлики се јавуваат како фактор на народносното, а подоцна и на националното диференцирање.

Секако, би било неточно кога би се заклучило дека религијата, поточно дејноста на конфесионалните заедници, е исклучиво насочена кон меѓусебното затворање на припадниците во одделните конфесии и дека таа активност не може да биде позитивно усмерена. Денес се повеќе се шири екуменската тенденција (приближувањето на припадниците на разни конфесионални заедници) која може да преставува додатен елемент кон општата општествена интеграција на народите и националностите што живеат на одредено подрачје.

Во одредени историски услови религиозниот феномен се јавува и како пречка во конституирањето на засебни етничко-народносни и национални групации меѓу народите со иста религиозна припадност и покрај очигледните факти како што се економското поврзување, посебните културни вредности итн. Историјата дава многу факти како сведоштва за бугарско-српската борба околу Македонија во XIX век и за улогата на Српската и Бугарската православна црква против националните стремежи на македонскиот народ.

Влијанието на религијата врз сложениот процес на националната интеграција и развојот на националните односи на балканските-

от простор не е карактеристично само за средниот век, кога религијата претставувала главна содржина на духовниот живот на луѓето, туку и за најново време. Во почетокот на XIX век кога започнува процесот на интензивното национално обликување (националната идентификација) религијата, ако не директно, тогаш како традиција — под товар на минатото, настојува да воспостави континуитет, односно да послужи како елемент во конституирањето на нацијата и основа на националното диференцирање. Во такви услови во определени општествени средини, како резултат на неразликувањето на религиозната свест од националната, религиозниот фактор ја следи нацијата и покрај толку очевидното присуство на таквите факти како што се јазикот, културата, економската поврзаност итн.

И денес, на пример, не е редок случајот во определени средини за разликувањето на Србите и Хрватите побргу да се употреби религиозното обележје: православен-католик, одошто некое друго. Дека национални разлики можат да постојат и покрај очевидното присуство на таквите факти како што се сродноста по потекло и заедничкиот јазик, само затоа што постојат разлики во конфесионалната припадност, илустративно покажува примерот со Србите, Хрватите и Муслиманите во Босна и Херцеговина. Како што е познато, во Босна и Херцеговина се застапени, и тоа речиси во подеднакви размери, три верски конфесии: православната, католичката и муслиманската. Постојните разлики меѓу Србите, Хрватите и Муслиманите, во голема мера се конфесионално детерминирани. Ваквата констатација често се потврдува со тоа што едните (православните) се именуваат со името Срби, другите (католиците) со името Хрвати, а третите, не наоѓајќи соодветно национално име се нарекуваат Муслимани.

До која мера религиозните разлики можат да влијаат врз националното определување покажува и примерот со Македонците — муслимани во СР Македонија. Познато е дека Македонците — муслимани по етничкото потекло, јазикот, начинот на живеењето, обичаите и сл. не се разликуваат од другите Македонци. Она што нив ги разликува од другите Македонци е религијата — исламот. Историјата дава многубројни факти дека исламизирањето на нетурското население на Балканот како услов за одржувањето на отоманското царство се остварувало под силен и перманентен физички притисок на отоманските власти. Во текот на полни пет века, колку што траел процесот на мухамединизирањето на нашето подрачје, дел од словенските и другите племиња го примиле исламот, но ги сочувале другите бројни етнички-народносни карактеристики: јазикот, обичаите, начинот на живеењето и сл. Самиот факт дека религијата (исламот) не успеала да ги потисне другите етничко-народносни карактеристики зборува за тоа дека прифаќањето на исламот од страна на словенските и другите племиња претставувало еден одбранбен механизам за заштита на етничко-народносните карактеристики. Меѓутоа, и покрај тоа што религијата (исламот) не ги потисна другите етничко-народносни карактеристики, во текот на четири-петвековното исламизирање имала и има свое несомнено влијание врз националното определување на Македонците-муслимани. Еден дел од нив се декларираа како Турци, иако не го знаеја турскиот јазик којшто беше единствен

државен јазик во назначениот период. Во такви услови религиозниот фактор врши соодветно влијание врз националното припаѓање — религиозната свест го следи националното определување.

Ова се секако најопштите рамки во кои можело да се остварува и се остварувало влијанието и улогата (позитивна и негативна) на религијската црковна организација во севкупниот процес на развитокот и афирмацијата на етничко-народносните и националните посебности на одделни наши народи, особено оние мешаните, во поглед на религиозната припадност.

Поаѓајќи од наведените општи поставки и од фактот дека религијата во текот на својот историски развој се вплела во сите сфери на општествениот живот, имајќи ја во вид, притоа, и специфичната наша религијско-национална ситуација, емпириското истражување на односот меѓу религиозното и националното припаѓање треба да се насочи во два смера: прво, во испитувањето на распространетоста на религијата; нејзиното доживување и манифестирање во нејзиниот субјективен облик-религиозност и нејзината активност во интензивирањето на религиозноста — објективизиран надворешен облик на религијата (религијата сфатена како организација, како црква — конфесија) и второ, испитувањето на степенот интензивитетот на нејзиното влијание во поистоветувањето на националното и религиозното.

Сосема е јасно дека големата разновидност и богатство на националниот и религиозниот феномен во нашето општество при недостаток на комплексни емпириски истражувања од овој вид, ни оддалеку не дозволува проблематиката на односот меѓу националното и религиозното во нашата средина целосно да се согледа низ едно истражување.

Од истражувањата на односот меѓу националното и религиозното припаѓање што ги вршев на дел од религијско и национало хетерогено подрачје: селските населби во Полог (600 испитаници), вклучувајќи и помал број испитаници од градот Тетово (300 испитаници) ќе ги прикажеме само податоците за влијанието на религијата врз етничкото диспанзирање и врз ставовите за совпаѓање на националното и религиозното.

Резултатите прикажани во табелата 1 покажуваат дека сите пет степени (типови) на религиозноста — атеистичноста повеќе или помалку се разликуваат по обемот и степенот (јачината) на етичкото дистанцирање. Очигледно е дека нерелигиозните и атеистите многу помалку се дистанцираат од другите националности — народности во наведената скала за мерење на етничката дистанца. Табелата, исто тка, покажува дека испитниците (нерелигиозни и атеисти) кои пројавиле неприфаќање на одделни националности — народности во ределени социјални односи, процентуално се најзастапени во категориите што означуваат помал степен на дистанцирање, односно нивната застапеност процентуално опаѓа доколку се оди кон категориите кои означуваат поголем степен на дистанцирање. Така на пример, атеистите, во втората категорија, која означува најмал степен на дистанцирање (1—6 негативни одговори) застапени се со 41,5%,

а во останатите со 9,2%; 6,2%; 1,6% и 0,0% во последната категорија. Нерелигиозните испитаници со: 30,0%; 20,2%; 6,4% и 2,8%.

Од друга страна податоците покажуваат дека етничката дистанца е понагласена кај испитаниците што се порелигиозни. Ако ја посматраме само категоријата „не се дистанцира", традиционалните верници во неа учествуваат само со 7,6%, колебливите 20,5%, неопределените 28,1%, нерелигиозните 37,6% и атеистите 41,5%.

ТАБЕЛА 1 — ЕТНИЧКАТА ДИСТАНЦА И РЕЛИГИОЗНОСТА

| Религиозност | Етничка дистанца | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 1—5 | 7—12 | 13—18 | 19—24 | 25—30 | Вкупно |
| Традиционален верник | 41 (7,6) | 362 (66,7) | 62 (11,4) | 54 (9,9) | 19 (3,5) | 5 (0,9) | 543 (60,3) |
| Колеблив верник | 9 (20,5) | 13 (29,4) | 9 (20,5) | 8 (18,2) | 4 (9,1) | 1 (2,3) | 44 ( 4,9) |
| Неопределен | 39 (28,1) | 52 (37,4) | 25 (18,0) | 13 (9,4) | 8 (5,7) | 2 (1,4) | 139 (15,5) |
| Нерелигиозен | 41 (37,6) | 36 (33,0) | 22 (20,2) | 7 (6,4) | 3 (2,8) | — | 109 (12,1) |
| Атеист | 27 (41,5) | 27 (41,5) | 6 ( 9,2) | 4 (6,2) | 1 (1,6) | — | 65 (7,2) |
| С Е: | 157 (17,5) | 490 (54,4) | 124 (13,8) | 86 (9,5) | 35 (3,9) | 8 (0,8) | 900 (100,0) |

$x^2 = 149{,}02$,
DF = 20;
C = 0,377.

ЗАБЕЛЕШКА 1. Испитаниците се класифицирани во одделна група (тип) на религиозност-атеистичност врз основа на бројни субјективни и објективни индикатори применети во истражувањето на распространетоста и интензитетот на религиозноста на испитуваното подрачје.

2. За испитувањето на етничката дистанца користена е модифицирана Богардисова скала. Со неа е испитувано прифаќањето-неприфаќањето на нациите-народностите во СРМ — СФРЈ (Србин, Хрват, Словенец, Македонец, Албанец и Турчин) во 6 наведени социјални односи: да се живее во иста република, да се работи во иста организација, да се дружи, да се склопи брак, да биде претпоставен во работна организација и да има раководна улога во Републиката. На поставените прашања се одговара со „да" или „не". Според одговорите испитаниците се класифицирани во 6 категории. Во првата категорија класифицирани се оние испитаници кои потврдно одговориле (да) на сите прашања. Тие ги прифаќаат сите нации-народности во наведените социјални односи. Степенот на нивното дистанцирање изнесува нула. Втората категорија (од 1—6 одговори "не") испитаници кои многу малку се дистанцирале, трета категорија (7—12) малку се дистанцирале, четврта (13—18) средно, петта (19—24) јако и шеста (25—30) многу јако се дистанцирале.

Од анализата на одговорите може да се извлечат следниве заклучоци:

Прво, нерелигиозните испитаници и атеистите во голема мера не покажуваат дистанца спрема националностите и народностите што живеат во нашата Република, или се дистанцираат во многу мал степен.

Второ, испитаниците кои понагласено се дистанцираат треба да се бараат меѓу верниците (религиозните).

Податоците за тоа, како религиозноста на испитаниците влијае врз нивните ставови за совпаѓањето на националното и религиозното припаѓање дадени се во табелата број 2.

Според коефициентот на корелацијата (C=0,592) можеме да заклучиме дека врската меѓу религиозноста и ставот за врзаноста меѓу верското и националното определување е значајна, така што постојат значајни разлики меѓу степенот на религиозноста — атеистичноста и ставот за односот на националното и религиозното. Очигледно е дека бројот на анкетираните во чија што свест религиозното и националното наполно или делумно се поистоветуваат е поголем кај верниците (27,3% традиционални и 43,2% колебливите), отколку кај нерелигиозните — атеистите (само 4,6% нерелигиозните се изјаснија за ставот дека верската припадност се совпаѓа со националната, 6,4% дека делумно се совпаѓа, а само 4,6% од атеистите се определиле за ставот дека верската и националната припадност делумно се софпаѓаат).

**ТАБЕЛА 2 — РЕЛИГИОЗНОСТА И СТАВОТ ЗА ПОВРЗАНОСТА НА ВЕРСКАТА И НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ**

| Религиозност | Дали верската припадност е белег на национална припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Делумно | Не | Тој став е погреш. | Незнам | Вкупно |
| Традиционален верник | 89 (16,4) | 59 (10,9) | 114 (21,0) | 29 ( 5,3) | 252 (46,4) | 543 (60,3) |
| Колеблив верник | 11 (25,0) | 8 (18,2) | 9 (20,4) | 4 ( 9,1) | 12 (27,3) | 44 ( 4,9) |
| Неопределен | 19 (13,7) | 17 (12,2) | 3 (38,1) | 19 (13,7) | 31 (22,3) | 139 (15,5) |
| Нерелигиозен | 5 ( 4,6) | 7 ( 6,4) | 99 (45,0) | 39 (35,8) | 9 | 109 |
| Атеист | — | 3 ( 4,6) | 21 (32,3) | 41 (63,1) | — | 65 ( 7,2) |
| С Е: | 124 (13,8) | 94 (10,4) | 246 (27,3) | 132 (14,7) | 304 (33,8) | 900 (100,0) |

$x^2 = 486,47$
BF = 16
C = 0,592

Од друга страна, застапеноста на верниците во категориите одговори што претпоставуваат сознание за независноста на религиозното припаѓање во однос на нерелигиозните — атеистите е многу поголема. Така на пример, само 5,3% традиционални верници и 9,1% колебливи го осудуваат ставот за софпаѓање на религиозното и националното, а тој процент меѓу нерелигиозните изнесуваат 35,8%, а меѓу атеистите 63,1%. Или 21,0% традиционални и 20,4% колебливи верници се изјасниле за ставот дека верското припаѓање не го одредува националното, а тој процент кај атеистите изнесува 32,3%, додека кај нерелигиозните е 45,0%.

До ист заклучок можеме да дојдеме ако ги анализираме и одговорите од последната категорија (не знам — без одговор). За овој одговор се определиле 46,4% традиционални верници, 27,3% колебливи, 22,3% неопределени и само 8,2% нерелигиозни.

Врз основа на податоците од табелата 2 можеме да заклучиме дека поистоветувањето на националното и религиозното припаѓање најмногу е изразено меѓу верниците (традиционалните и колебливите), каде приближно секој четврти испитаник (27,3%) вербално одговара дека религиозното припаѓање е истовремено белег на националното припаѓање. Според коефициентот на корелацијата (C=0592) можеме да заклучиме дека врската меѓу религиозноста и ставот за поврзаноста меѓу националното и регилиозното припаѓање е очевидна. Резултатите во одговорите меѓу верниците и атеистите во однос на ставот за односот меѓу националното и религиозното припаѓање статистички се мошне значајни. Атеистите најмногу се разликуваат од верниците токму по ставот за поврзаноста на религиозноста и националното определување.

Прикажаниве податоци јасно говорат дека религиозноста претставува фактор што влијае врз софпаѓањето — идентификувањето на националното и религиозното, односно религиозните разлики во услови на значително влијание на религиозната свест, станува често употребуван белег и за националното определување. Со тоа, резултатите ја потврдија општата појдовна постапка за влијанието на религиозноста (распространетоста — интензитетот) врз ставовите за поврзаноста — совпаѓањето на националното и религиозното.

Се потврди дека кај поединци или групи, во услови на раширена религиозна свест, религиозните разлики се фактор на потиснување на националните — народносните карактеристики, постанувајќи на тој начин фактор и за националното определување. Во такви услови, во свеста на верниците, религиозното и националното се совпаѓаат, религиозната свест ја следи националната свест.

*STEFAN KOSTOVSKI* ,

# AN OUTLINE OF THE THEORETICAL AND HYPOTETICAL RESEARCHE ABOUT THE RELATION BETWEEN THE RELIGIOUS AND THE NATIONAL

SUMMARY

The question about the relation between the national and religious belonging is actual in the hetero — religious and communities.

Both in the history, as well as in the contemporary world reality, many examples can be found — examples that prove that the national and the religious are often connected and even identified.

Religion has played very important role in the foundation of certain nations on the Balcan Peninsula. The role of religion is particulary important in keeping up the cultural integrity and the national aspirations among the Jugoslav nations who have rather early lost their national independance and have been, for a relatively long period of time, under occupation and oppressions.

At the same time on the same geographical area — the Balcan Peninsula, the religion has shown the other side of the medal — the negative and the desintegrative one. Namely, the actions of the most and organized religions (the greek Orthodox, the Catholic, and the Islam) have often been directed to closing off the barriers between the people woho belong to different religions. In such conditions, the religions conciousness, the religious concionsness. Is often identified with the national consciosness.